**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-155**
**11-04. 2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 55 став 1 од истиот Закон и точка 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14), точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-1777/5 од 10.04.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 13-та седница одржана на 10.04.2023 година, го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, заради извршена повреда на член 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, од 6 март 2023 година, во изданијата на емисиите: „Histori shqiptare" – документарна програма, „Shije shtëpie" - забавно-информативна програма и „Stop" – актуелно-информативно говорно-шоу, прекршена е забраната за пласирање производи во тој вид ТВ-програми.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски

услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во член 55 став 1 од ЗАВМУ, пропишано е дека забрането е пласирањето производи.

Согласно точка 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, пласирањето производи е забрането во следниве видови програми утврдени со Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми („Службен весник на Република Македонија бр. 171/14), и тоа: - следниве видови програми со информативна функција: вести или ТВ дневници, актуелно-информативна програма, актуелно-информативна програма со документаристички пристап, актуелно-информативна говорна шоу програма, преноси или снимки од седници на органите на власта, преноси или снимки од општествено - политички настани, информативни магазини, информативно-забавна програма, инфо - сервис, информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки, програми за деца со информативна функција и друга информативна програма; - следниве видови програми со образовна функција: образовна програма; документарна програма; образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки; документарна програма со религиозна тематика; програми за деца со образовна функција и друга образовна програма и - следниве видови програми со забавна функција: забавно-информативна програма и програми за деца со забавна функција.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 23-ти март 2023 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, емитуван на 6 март 2023 г., на државно ниво, при што констатираше прекршувања на членот 55 став 1 од ЗАВМУ – забрана за пласирање производи и на точката 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи - забрана за пласирање производи во одредени видови програма, според која пласирањето производи е забрането (меѓу другото) во: актуелно-информативни говорни-шоу програми; документарни програми и забавно-информативни програми. Според овие насоки од Упатството, во телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот од 6 март 2023 година, евидентирани се следниве три емисии во кои има пласирање производи: „Stop“ – актуелно-информативна говорна-шоу програма; „Histori shqiptare“ – документарна програма и „Shije shtëpie“ – забавно-информативна програма.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје на 24.03.2023 г., испрати Допис наш арх.бр.10-1341/2 од 24.03.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, на 28.03.2023 г. Во предвидениот рок, ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 1 од истиот Закон и Упатството за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија“

бр.201/14), точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-1777/5 од 10.04.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 10.04.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и со точка 30 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1341/1 од 23.03.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
-Управителот на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP
Примено / Pranuar: 23.03.2023

| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 1341 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 март 2023 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 23 март 2023 година;

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
- **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
- **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
- **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
- **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
- **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
- **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, емитуван на 6 март 2023 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на членот 55 став 1** - *забрането е пласирањето производи*, **и на точката 30 од Упатството за пласирање производи** - *забрана за пласирање производи во одредени видови програма.*

Според точката 30 од Упатството за пласирање производи – пласирањето производи е забрането (меѓу другото) во:

- актуелно-информативи говорни-шоу програми;
- документарни програми;
- забавно-информативни програми:

Според овие насоки од Упатството, во програмскиот сервис од 6 март 2023 година, евидентирани се следниве три емисии во кои има пласирање производи:

- **„Stop"** – актуелно-информативна говорна-шоу програма
- **„Histori shqiptare"** – документарна програма;
- **„Shije shtëpie"** – забавно-информативна програма.

Во случајов, соодветноста на класификациските одредби за видот ТВ-програми во кои спаѓаат горенаведените наслови е потврдена споредбено: – од една страна според Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми бр. 01-5740/1 од 19.11.2014 година, а од друга страна според класификациите што самиот радиодифуер ги посочува на својата официјална веб-страница: https://tvklan.al/programe/ (цитати):

**Stop**[1]

Сатирично-истражувачки формат од Саимир Кодра и Гентиан Зенелај. Атуелности од Албанија - *„ала Стоп"*, проблемите на обичните граѓани, кои откако ќе затропаат на сите врати, решението го наоѓаат само во „Стоп" - скриени видео камери што пријавуваат и демаскираат корупција, насилство или сексуална злоупотреба. Хумани дела за најнемоќните и несреќните, чии животи се менуваат. Емисија пред сè за обичните граѓани, чие средиште се граѓаните.

[1] Një format satiro-investigativ nga Saimir Kodra & Gentian Zenelaj. Aktualiteti shqiptar "alla Stop", problematika e njerëzve të thjeshtë, që pasi kanë trokitur në të gjitha dyert, gjejnë zgjidhje vetëm në "Stop", video-kamera të fshehta, që denoncojnë e demaskojnë korrupsionin, dhunën apo abuzimin seksual. Akte humanizmi për më të pamundurit e fatkeqët, të cilëve u ndryshon jeta. Një emision i gjithi vetëm për njerëzit e zakonshëm dhe me njerëzit në qendër;

„Shije shtëpie"[2] – „Домашен вкус"

Едукативна, информативна и забавна емисија со г-а Вјолца и Катерина Трунгу. Секој ден, со едноставните и пред сè економични рецепти на г-а Вјолца, ги подучуваме домаќинките на здрава исхрана. Разни рубрики со специјални гости со едноставни практични совети, разбирливи за секого, за секој аспект од секојдневието. Забава, со музика и квизови, разновидни игри што ве поттикнуваат да играте и да комуницирате во живо со Катерина и со нејзините гости.

„Histori shqiptare"[3]- „Албанска приказна"

Оваа емисија има за цел да раскаже приказни за луѓе што работат, придонесуваат за заедницата, прават уникатни производи, градат бизниси, ги чуваат традицијата и културата, и помагаат во развојот на туризмот. Приказните доаѓаат преку снимања од терен, го прикажуваат подробно трудот на луѓето посочени како пример за сите оние што го следат ова шоу на Алма Чупи.

**6 март 2023 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| **„Histori shqiptare – Fabrika Everest"** - документарна емисија; | **01:00:07** | **01:53:15** |
| **„Histori shqiptare - Pellgu i Rabies"** - документарна емисија; | **19:45:15** | **20:23:27** |
| **Пласирани производи/услуги**<br>на:<br>- фабриката „Еверест", за производство алуминиумски профили и нивна примена во други стопански гранки;<br>- туристичкото одморалиште „Pellgu i Rabies"; | | |
| „Shije shtëpie" – забавно-информативна емисија; | **10:14:20** | **11:29:10** |
| **Пласирани производи**<br><br>(со посебно промотивно препорачување) на:<br><br>- *Kenwood* – електричен апарат за домаќинство;<br>- *Fix* – прехранбени производи;<br>- *Fino* – хигиенски производи и кујнски прибор;<br>- *Magi* – прехранбени производи;<br>- *Ola* – брашно;<br>- *Multicooker* – LD PRO / LD Max – електричен апарат за домаќинство;<br>- *Nutribullet* - електричен апарат за домаќинство;<br>- *Comodita* – покуќнина; | | |

[2] Emision edukues, informues & argëtues me zj.Vjollca dhe Katerina Trungu. Çdo ditë me recetat e thjeshta dhe mbi të gjitha ekonomike te Zj.Vjollca duke edukuar amvisat si të ushqehemi shëndetshëm. Rubrika të ndryshme me të ftuar special me këshilla të thjeshta praktike, të kuptueshme nga të gjithë, për çdo aspekt të të përditshmes. Argëtim, me muzikë dhe quiz, lojëra gjithëpërfshirëse që të japin atë dëshirën për të luajtur dhe për të komunikuar live me Katerinën dhe të ftuarit e saj;

[3] Ky emision ka si qëllim të tregojë histori për njerëzit që punojnë, kontribuojnë për komunitetin, krijojnë produkte unike, ngrenë biznese, ruajnë traditën, kulturën si dhe ndihmojnë në zhvillimin e turizmit.Historitë vijnë nëpërmjet xhirimeve në terren, duke treguar në detaje gjithë punën e njerëzve, duke i bërë model për të gjithë ata që ndjekin këtë emision të Alma Çupit.

| | | |
|---|---|---|
| „Stop“ – актуелно-информативно, говорно-шоу; | 19:04:17 | 19:32:27 |
| <u>Пласирани производи</u>:<br>- B52 energy drink;<br>- Woody – прехрамбен производ; | | |
| <u>Опис на прекршувањето:</u><br>Наведените емисии се видови програми во кои пласирањето производи е забрането според членот 55 став 1 од ЗАВМУ и според точката 30 од Упатството за пласирање производи. | | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на точката 30 од Упатството за пласирање производи**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, од 6 март 2023 година, во изданијата на емисиите: „Histori shqiptare“ – документарна програма, „Shije shtëpie“ - забавно-информативна програма, и „Stop“ – актуелно-информативно говорно-шоу, прекршена е забраната за пласирање производи во тој вид ТВ-програми.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***